# Wolt освои три награди на eCommerce Awards 2025 во Македонија, уште пред да одбележи една година присуство на пазарот

Wolt освои три награди на eCommerce Awards 2025, национална иницијатива што ја организира Асоцијацијата за е-трговија на Македонија. Компанијата беше наградена во категориите **Мобилна апликација за е-трговија на годината, Маркет плејс и мулти е-продавница и Најдобра новоотворена е-продавница**, со што, уште пред да одбележи една година почетокот на официјалното работење во Македонија, се вброи меѓу најистакнатите и најнаградуваните дигитални сервиси на локалниот пазар.

Wolt официјално започна со работа во Скопје на почетокот на април 2025 година, со јасна цел, на едно место да ги поврзе локалните ресторани, продавници и супермаркети и да им овозможи на корисниците едноставно нарачување и сигурна достава, во просек за околу 30 минути. За краток период, платформата стана дел од секојдневието на голем број корисници во градот, а локалниот пазар покажа силен капацитет за дигитален раст, брзо прифаќање на иновации и подготвеност за развој на нови навики во е-трговијата.

„Овие награди ги доживуваме како признание за целиот екосистем што го градиме заедно, за нашите корисници, партнерските ресторани и продавници, како и за курирските партнери. За навистина кратко време во Скопје успеавме да изградиме услуга на која луѓето ѝ веруваат, а нашиот фокус останува непроменет: сигурно и едноставно корисничко искуство, силна поддршка за локалните партнери и постојано унапредување на платформата", рече Огњен Љумовиќ, раководител за продажба во Wolt.

Според Ненад Виторовиќ, менаџер за продажба во компанијата наградите eCommerce Awards дополнително го потврдуваат Wolt како еден од најистакнатите дигитални сервиси на пазарот, особено преку мобилното искуство што им овозможува на корисниците со само неколку допири да го активираат целиот процес, од нарачка и подготовка, до брза и сигурна достава. Досегашното искуство на пазарот е силна потврда дека Wolt успеа брзо да изгради доверба, релевантност и препознатливост кај корисниците и партнерите.

Wolt и во следниот период ќе продолжи да инвестира во развојот на услугата, во унапредување на корисничкото искуство и во поддршка на локалниот бизнис екосистем, а за сите следни новини јавноста ќе биде навремено информирана.

**За eCommerce Awards**

eCommerce Awards е национална иницијатива започната во 2021 година, од страна на Македонската асоцијација за е-трговија со цел препознавање и промовирање на дигиталната извонредност во Северна Македонија. Годишниот настан ги слави најуспешните е-продавници и иноватори преку комбинација од експертска евалуација и јавно гласање.

**За Wolt**

Wolt е технолошка компанија со седиште во Хелсинки, чија мисија е да донесе радост, едноставност и можности за заработка во секојдневието на локалните заедници. Wolt развива платформа за локална трговија која ги поврзува луѓето што сакаат да нарачаат храна, намирници и други производи, со луѓе и бизниси што се подготвени да ги продаваат и доставуваат. Компанијата е основана во 2014 година и во 2022 година ѝ се придружи на DoorDash (NASDAQ: DASH). Во 2025 година, DoorDash ја стекна и Deliveroo, дополнително проширувајќи го своето глобално присуство. Денес, заедно оперираме во повеќе од 30 земји. Повеќе информации може да се најдат на веб-страницата на Wolt.

## Контакт детали

**Lidija Mirić Mičetić**
Communications Manager for the Adriatic and North Macedonia
lidija.miric.micetic@wolt.com
+38599 7348 652

## Копирај линк

https://press.wolt.com/mk-MK/263342-wolt-ecommerce-awards-2025/